ДПБр. 04-108/20-2
Скопје 28.12. 2020 година
Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprsm.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 14/20), Генералниот секретар на Државното правобранителство на Република Северна Македонија донесува:

# **О Д Л У К А**
## **за избор на кандидат по Интерен оглас број 1/2020 за унапредување на административен службеник во Државното правобранителство на Република Северна Македонија**

1.Кандидатот **Диелза Цемена Велиу** по пат на Интерен оглас број 1/2020 се избира за работно место УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за правни работи и застапување во Одделение за правни работи и застапување во Сектор за правни, општи и заеднички работи во Државното правобранителство на Република Северна Македонија .

2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2020, со архивски број ДП бр.04-108/20 од 28.12.2020 година.

3.Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 18-8416/2 од 09.12.2020 година, Генералниот секретар на Државното правобранителство на Република Северна Македонија упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси Одделение за организациски развој и обука ДП бр.02-544/20-3 од 07.12.2020 година, за објавување на интерен оглас во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

По добиеното барање, Секторот за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 1/2020 за унапредување на 3 (три ) административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на ден 16.12.2020 година, на веб страната на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 1 на интерниот оглас е работното место УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за правни работи и застапување; (1) извршител

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување , формирана од страна на Генералниот секретар на Државното правобранителство на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување ДП бр.04-108/20-1 од 22.12.2020 година , која направи административна селекција на единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Македонија..

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селекција ДП.бр.04-108/20 од 28.12.2020 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-108/20 од 28.12.2020 година, за работно место **под реден број 1** категорија Б4 и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2020.

Врз основа на ранг листата и предлог одлуката за прворангираниот кандидат , Генералниот секретар на Државното правобранителство на Република Северна Македонија донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Андријана Спивоска**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
*-именованиот административен службеник*
*-Сектор за управување со ЧР*
*-Архива*

Несс нолом.
Примив на 28.12.2020г.